

## ЕСМА – ДОБИТНИК НА НАЈВИСОКОТО ДРЖАВНО ПРИЗНАНИЕ „ОДРЕН ЗА ЗАСЛУГИ ЗА МАКЕДОНИЈА“

**Во пресрет на Меѓународниот ден на Ромите – 8. Април, претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов ја одликува ромската Кралица Есма Реџепова-Теодосиевска со „Орден за заслуги за Македонија“. Реномираниот естраден уметник со богата повеќедецениска светска кариера, Есма Реџепова-Теодосиевска, орденот го доби за музичката афирмација на земјава во светот, како и за нејзината хуманитарна дејност**

Во своето излагање претседателот на Република Македонија, Ѓорѓе Иванов, меѓу другото истакна: *„Со својата автентичност, оригиналонoст и перфектна вокална изведба, Есма ја афирмираше македонската и ромската музика во светот, израснувајќи во маркантно интернационално музичко име. Орденот за заслуги Есма*

*Реџепова-Теодосиевска го добива за афирмирањето на Република Македонија, за нејзината музичка големина и за нејзината хуманитарна дејност .*

*- Денешната свеченост се одвива на само два дена пред 8. Април - Меѓународниот ден на Ромите. Ромската заедница е нераскинлив дел од македонското општество и не случајно токму во нашата земја постои општина каде што ромскиот јазик е во службена употреба . Есма е една од водечките личности во ангажманите за подобрување на социјалната и економската состојба на Ромите.*

Споредувајќи ја со Мајка Тереза, Иванов посочи дека Есма е апсолутен пример дека не постојат бариери кога е во прашање талентот, волјата и истрајноста.

Ромската Кралица, како што популарно ја нарекуваат пејачката Есма Реџепова-Теодосиевска, изјави дека орденот е заслуга на граѓаните и оти тој им припаѓа и ним, бидејќи без нив таа немаше да го постигне овој успех.



[illegible]









**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**